**Обраќање на МО Петровска на отворањето на НАТО конференција за комуникатори**
**7 септември 2022 година, Скопје**

Почитуван премиер Ковачевски,
Почитуван помошник генерален секретар за јавна дипломатија, Баиба Браже,
Почитувани претставници на НАТО,
НАТО комуникатори,

Оваа конференција за прв пат се одржува во Република Северна Македонија, како земја членка на НАТО. И со тоа се праќаат клучни пораки, но пред сѐ, најважната силна политичка порака дека НАТО е воено политички сојуз кој е буден и ги следи безбедносните предизвици од сите аспекти. Ги следи, реагира, но и се менува.

За нас, комуникацијата е клучна. Тоа најдобро ни го покажа новата реалност на европскиот континент. 24-ти февруари ни покажа дека она што го сметавме за невозможно, за жал, стана реалност – воена агресија на една држава врз друга суверена држава, што предизвикува огромно човечко страдање и уништување. Оваа агресија е континуирано проследена со информациска војна со една цел - да ја поткопа довербата во целокупните цивилизациски вредности и да го поткопа нашиот кредибилитет како Алијанса. И таа војна се води со сите средства, преку нови платформи, пеку социјални мрежи, со лаги и дезинформации кои сите вие што сте задолжени за комуникациите во НАТО треба да ги превенирате, пресретнете, спречите, разобличите.

Ширењето на лаги е секогаш најлесниот пат по кој може да се допре до јавноста и да се влијае врз неа, а ефектите од тие лаги се погубни. Огромна е одговорноста на НАТО комуникаторите во оваа војна да ја извојуваат победата на вистината, праведноста и трајнитецивилизациски вредности.

На сите вас ви е добро позната воената доктрина која гарантира успех а предвидува 4 инструменти на национална моќ познати под кратенката ДАЈМ – тие инструменти се информација, економија, дипломатија и војска. Вие, нашите НАТО-комуникатори, држите еден од четирите инструменти на моќ во вашите раце Во вашите раце се информациите и ракувањето со нив е од огромно значење. Секој од вас присутен овде, а ве има од сите сојузнички земји, треба беспрекорно да ја заврши својата улога за на крај заеднички уште еднаш да докажеме дека НАТО, 73 години по неговото основање, останува најмоќната Алијанса водена од вистинските вредности–а тоа се индивидуалните слободи, демократијата, човековите права и владеењето на правото.

Нам ни е потребно пораките на НАТО да допрат до сите. Потребно ни е граѓаните на светот да знаат дека пред се веруваме во мир, но дека сме цврсто решени да го заштитиме

нашиот суверенитет, нашите демократии и нашата слобода. Потребно ни е нашите 1 милијарда граѓани да знаат дека Алијансата, преку сојузничкото единство, решителност и цврстите принципи ја гарантира безбедноста на секој од нив.

Северна Македонија е најмладата земја членка на НАТО која знае дека најдобриот пат напред е кога се чекори заедно со своите сојузници и истомисленици. Како 30-ти НАТО сојузник ги користиме  придобивките на НАТО, но и придонесуваме кон колективните цели на Алијансата. Во изминативе години ја насочивме нашата земја во позитивен правец затоа што сме свесни дека не можеме да бидеме вистинска европска демократија без слобода на говор, слобода на медиуми, без отчетни и транспарентни институции и без добро владеење.

Денес можеме да ги видиме резултатите. Веќе трета година по ред Министерството за одбрана е прогласено за најтранспарентна институција во земјата, а од оваа година во резултатот ни се придружи и Владата како институција со 100 процентна активна транспарентност. Знаеме колку е важно да ги заштитиме националните интереси и безбедноста на секој наш граѓанин, но знаеме и дека е подеднакво важно да одговориме на секое прашање од интерес за јавноста бидејќи тоа е најдоброто оружје против лажните вести.

Ги препознаваме опасностите од манипулацијата со информациите и лажните вести и затоа сме во процес на формирање на Центар за односи со јавност чија главна цел ќе биде борбата со дезинформациите. Во својата сегашна форма, на повеќето од вас ви е познат како Регионален центар за односи со јавноста, но истиот ќе добие дополнителни функции и одговорности, со фокус на спротивставување на лажните вести и дезинформации што особено се присутни во овој дел од Европа и во Северна Македонија. Со помош на НАТО, овој Центар ќе стане додадена вредност на Алијансата во целина, и голема предност што ќе биде од корист за нашата колективна потрага по вистината.

Почитувани учесници на конференцијата,

Сигурна сум дека ќе имате констурктивни разговори кои ќе водат до конкретни заклучоци за нашите следни чекори како сојузници во стратегиските комуникации.

**„Целото е поголемо и поцврсто од неговите составни делови“. Тоа е суштината на НАТО во својата мисија за заштита, обединување и зајакнување.**

Ви посакувам пријатни неколку дена во Северна Македонија и успешна конференција.

Ви благодарам.